Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4
КЛУЧНИ НАОДИ 5
БРОЈ НА РАДИОДИФУЗЕРИ 8
МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА 10
ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО 15
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС 23
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО 29
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО 36
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО 42
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО 48
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО 54

Преглед на слики: 60
Преглед на табели: 62

ВОВЕД

Анализата на економските показатели за работењето на радиодифузерите во 2025 година овозможува да се согледаат состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија, финансиската одржливост на телевизиите и радиостаниците и можностите за натамошен развој на индустријата.

Согласно „Насоките за дефинирање релевантен пазар“,[1] засебно се анализирани податоците за економското работење на јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните телевизии и комерцијалните радиостаници во 2025 година, а во рамки на комерцијалниот сектор и според нивото на кое тие емитуваат програма, односно според релевантните пазари на државно, регионално и локално ниво.

Предмет на анализа се вкупните приходи на радиодифузерите и нивната структура, вкупните трошоци и нивната распределба, остварениот финансиски резултат, како и просечниот број вработени во редовен работен однос. Овие показатели се разгледуваат не само за 2025 година туку и во рамки на шестгодишниот период од 2020 до 2025 година, со цел да се утврдат динамиката и насоката на пазарните движења, да се идентификуваат позначајните промени во работењето на радиодифузерите и да се оцени влијанието на пошироките економски и општествени околности врз индустријата.

Анализата е изработена врз основа на податоците што радиодифузерите ги доставија до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 15 од Законот за медиуми. Доставените финансиски податоци беа проверени и споредени со податоците од нивните годишни сметки. За Македонската радио-телевизија беа користени податоците од нејзините годишни извештаи и другата релевантна документација за работењето во 2025 година.

[1] Комисија за заштита на конкуренцијата, *„Насоки за дефинирање на релевантен пазар“*, достапно на: Насоки за дефинирање на релевантен пазар!, пристапено на 20.7.2026 година.

КЛУЧНИ НАОДИ

Табела 1: Клучни наоди

	Број на субјекти	Вкупни приходи	Приходи од реклами	Вкупни трошоци	Резултат од работење	Просечен број на вработени
		во милиони денари				
Македонска радио-телевизија		**1.214,15**	**16,92**	**1.247,10**	**-32,95**	**587**
Комерцијални телевизии	**34[2]**	**1.436,63**	**1.325,33**	**1.446,07**	**-20,96**	**833**
ТВ на државно ниво - терестријални	5	1,218.42	1,141.22	1,175.29	32.5	574
ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс	4	115.36	97.80	159.86	-44.90	136
ТВ на регионално ниво	12	73.01	59.96	79.96	-7.47	80
ТВ на локално ниво	13	29.84	26.35	30.96	-1.09	43
Радиостаници	**56[3]**	**251.37**	**192.68**	**226.75**	**25.22**	**182**
РА на државно ниво	4	114.96	84.86	99.08	14.59	57
РА на регионално ниво	14	85.46	68.68	75.84	8.04	57
РА на локално ниво - комерцијални	36	47.65	39.14	45.72	1.88	63
РА на локално ниво - непрофитни	2	3.30	/	6.11	0.71	5
Вкупно		**2,902.15**	**1,534.93**	**2,919.92**	**-28.69**	**1.602**

- Во 2025 година МРТ остварила вкупни приходи од 1,21 милијарди денари, што е намалување од 11,09 % во однос на 2024 година. Средствата за финансирање на радиодифузната дејност од државниот буџет изнесувале 1,18 милијарди денари и

[2] Вкупниот број на телевизии во 2025 година изнесуваше 37, меѓутоа три од нив (ТВ Сонце, ТВ Клан и ТВМ) не се опфатени во анализата поради тоа што во март 2026 година, кога се прибираа податоците за економското работење, веќе немаа дозвола за емитување програма.

[3] Во анализата не се опфатени две радиостаници што емитуваа програма во 2025 година (Универзитетското радио УГД ФМ од Штип и радиостаницата Супер од Охрид) поради тоа што во март 2026 година, кога се прибираа податоците за економското работење, веќе немаа дозвола за емитување програма.

учествувало со 97,34 % во вкупните приходи. Приходите од рекламирање изнесувале 16,92 милиони денари, односно 1,39 % од вкупните приходи на МРТ. Во споредба со 2024 година, тие се намалиле за 50,3 %. Вкупните трошоци изнесувале 1,25 милијарди денари и биле за 1,53 % пониски од претходната година. Повеќе од половина од трошоците биле наменети за вработените, а речиси една третина за програмски права. МРТ ја завршила годината со загуба од 32,95 милиони денари. На крајот од 2025 година имала 587 вработени, односно 43 лица помалку од претходната година.

- Петте терестријални телевизии на државно ниво остварилe вкупни приходи од 1,22 милијарди денари и биле единствениот телевизиски сегмент со позитивен заеднички финансиски резултат – добивка од 32,50 милиони денари. Приходите од комерцијално рекламирање на овие пет телевизии се намалиле за 1 %. Сител и Канал 5 заедно остварилe 63 % од приходите од комерцијално рекламирање.

- Вкупните приходи на четирите национални телевизии што емитуваат преку неограничен ресурс изнесувале 115,36 милиони денари, односно 19 % помалку од претходната година. Приходите од комерцијално рекламирање што ги остварилe во анализираната година биле најниски во последните шест години. Овој сегмент се соочува со најсериозни проблеми во одржливоста. Заедничката загуба изнесувала 44,90 милиони денари, а 24 Вести работела со загуба во секоја од последните шест години, при што во 2025 година таа достигнала 43,29 милиони денари.

- Регионалните телевизии остварилe приходи од 73,01 милион денари, од кои речиси еднаков износ бил од комерцијално рекламирање – 30,22 милиони денари, и од платено политичко рекламирање – 29,74 милиони денари. Ова покажува дека нивното работење е во голема мера условено од изборните циклуси. Приходите од комерцијално рекламирање на регионалните телевизии, и покрај растот од 5 %, останале на исклучително ниско ниво и не обезбедуваат долгорочна одржливост. Финансискиот резултат од работењето на регионалните телевизии во 2025 година бил загуба од 7,47 милиони денари.

- Најнеповолна е положбата на локалните телевизии. Нивните вкупни приходи се намалиле за 35 % и изнесувале 29,84 милиони денари, а приходите од редовното работење, без платено политичко рекламирање, изнесувале само 12,75 милиони денари. Локалните телевизии остварилe повеќе приходи од платено политичко рекламирање – 17,09 милиони денари, отколку од комерцијално рекламирање – 9,26

милиони денари. Ова ја потврдува нивната економска слабост и зависност од повремените приходи во изборните години. Во 2025 година трошоците на локалните телевизии го достигнале највисокото ниво во последните шест години, а сегментот ја завршил годината со загуба од 1,09 милиони денари.

- За разлика од телевизискиот сектор, радиостаниците на државно, регионално и локално ниво остариле позитивен заеднички финансиски резултат.
- Кај радиостаниците на државно ниво рекламирањето било доминантен извор на финансирање, со учество од 93 % во приходите од основната дејност. Канал 77 и Антена 5 заедно остариле 86 % од приходите од комерцијално рекламирање. Четирите национални радиостаници заеднички остариле добивка од 14,59 милиони денари. Канал 77, Антена 5 и Метрополис работеле со добивка во секоја од последните шест години, додека Јон работела со загуба во пет од шесте години.
- Регионалните радиостаници остариле вкупни приходи од 85,46 милиони денари. Приходите од редовното работење, без платено политичко рекламирање, пораснале за 3,25 %, што покажува дека нивното работење е помалку зависно од изборните приходи отколку работењето на регионалните телевизии. Три радиостаници остариле половина од приходите од дејноста, а пет радиостаници 65 % од приходите од комерцијално рекламирање. Сегментот остварил добивка од 8,04 милиони денари.
- Вкупните приходи на комерцијалните локални радиостаници изнесувале 47,65 милиони денари. И покрај позитивниот финансиски резултат од 1,88 милиони денари, приходите на комерцијалните локалните радиостаници во целиот шестгодишен период останале на многу ниско ниво.

БРОЈ НА РАДИОДИФУЗЕРИ

Покрај јавниот сервис, на почетокот на 2025 година програма емитуваа 92 радиодифузери, од кои 37 телевизии и 55 радиостаници.

Во април 2025 година беше одземена дозволата на ТВ Клан[4], која емитуваше програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа, поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови, како и поради неплаќање на годишниот надомест за дозволата.

Табела 2: Број на комерцијални телевизии

Ниво на емитување	1.1.2025	31.12.2025
државно преку MUX	5	5
државно преку неограничен ресурс	6	5
регионално преку MUX	5	5
регионално преку кабел	8	8
локално	13	13
вкупно	37	36

Откако ја известија Агенцијата дека престанале со емитување програма, дозволите на двете непрофитни радиостаници наменети за студентската популација, регионалното Универзитетско радио Студент ФМ 92.9[5] од Скопје и локалното Универзитетско радио УГД ФМ[6] од Штип, престанаа да важат по сила на закон и беа избришани од Регистарот на радиодифузери.

Покрај тоа, во текот на годината беа доделени четири дозволи за емитување радиопрограма на локално ниво, и тоа на радиостаницата Сквер[7], на подрачјето на општина Куманово, на

[4] Одлуката за одземање на дозволата на ТВ Клан (УП1 08-133 од 17.4.2025 година) е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/04/Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-КЛАН-Македониа-експорт-импорт-Сараj-Скопје.pdf

[5] Радиостаницата Студент ФМ 92.9 ја извести Агенцијата дека престанала со емитување програма во декември 2024 година, а решението за бришење од регистарот на радиодифузери беше донесено на почетокот на 2025 година (УП1 08-7 од 23.1.2025 година) и е достапно на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/01/ Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-на-Универзитет-„Св.Кирил-и-Методиј-Скопје-Универзитетско-радио-Студент-ФМ-92.9.pdf

[6] Решение за бришење на УГД ФМ од регистарот на радиодифузери (УП1 08-132 од 17.4.2025 година), достапно на следниот линк https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/04/Решение-за-бришање-од-регистар-на-УНИВЕРЗИТЕТСКО-РАДИО-УГД-ФМ-.pdf

[7] Одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово (УП1 08-362 од 6.2.2025 година) достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Куманово.pdf

радиостаницата Буба Мара[8], на подрачјето на општина Прилеп, на радиостаницата Буба Мара Студио[9], на подрачјето на општина Штип, и на радиостаницата Струга[10], на подрачјето на општина Струга.

Табела 3: Број на комерцијални и непрофитни радиостаници

Ниво на емитување	1.1.2025	31.12.2025
државно	4	4
регионално	15	14
локално	36	39
вкупно	55	57

На крајот од 2025 година дозвола за емитување програма имаа вкупно 93 радиодифузери, од кои 36 телевизии и 57 радиостаници.

Во последните шест години бројот на радиодифузери се намалувал од година во година. Така, на 1.1.2025 година имало три телевизии и осум радиостаници помалку отколку на 1.1.2024 година.

Слика 1: Број на телевизии и радиостаници на 1.1 во периодот од 2020 до 2025 година



[8] Одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Прилеп (УП1 08-225 од 29.7.2025 година) достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/07/Odluka-za-dodeluvanje-dozvola-za-radio-na-podracje-na-opstina-Prilep.pdf

[9] Одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Штип (УП1 08-214 од 8.8.2025 година) достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/08/Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Штип.pdf

[10] Одлука за доделување дозвола за радиоемитување програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струга (УП1 08-213 од 8.8.2025 година) достапна на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/08/Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Струга.pdf

МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

Во 2025 година вкупните приходи на МРТ изнесувале 1,21 милијарди денари[11].

Во периодот од последните шест години повисоки вкупни приходи МРТ остварила само во 2024 година. Високиот износ на приходите во 2024 година е резултат на дополнителни средства префрлени од државниот буџет во вкупен износ од 177 милиони денари, од кои 97 милиони денари за постигнување и одржување поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој (согласно член 105 став 7 од ЗААВМУ) и 80 милиони денари врз основа на потпишан договор за вонсудска спогодба со Министерството за дигитална трансформација, а кои претставувале прва рата од неисплатените средства за финансирање на радиодифузната дејност за 2023 година.

Слика 2: Движење на вкупните приходи на МРТ
во периодот од 2020 до 2025 година (во милиони денари)



Во анализираниот период движењето на вкупните приходи на јавниот радиодифузен сервис било нерамномерно, со постојано намалување и зголемување од година в година.

Табела 4: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи	-3,22 %	12,79 %	-9,45 %	36,49 %	-11,09 %

[11] Податоците за економското работење на МРТ се обезбедени од Годишниот извештај за работа на ЈРП МРТ за 2025 година, достапно на:Годишен извештај за работа на ЈРП МРТ за 2025 година.pdf, пристапено на 26.6.2026 година.

Во 2025 година средствата за финансирање на радиодифузната дејност во висина од 1,18 милијарди денари, што согласно член 105 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги биле префрлени од државниот буџет, претставувале 97,34 % од вкупните приходи на МРТ. Во „Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈП Македонска радио-телевизија за 2025 година“[12], МРТ посочува дека првично утврдениот износ за финансирање на радиодифузната дејност во анализираната година изнесувал 1,26 милијарди денари, но со ребалансот на Буџетот на РС Македонија бил намален за 80,00 милиони денари, по што конечниот износ бил утврден на 1,18 милијарди денари.

Табела 5: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2024 и 2025 година (во милиони денари)

	Остварено 2024	Остварено 2025	Учество 2025 година
Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџет на РСМ	1,140.54	1,181.86	97,34%
Приход од МДТ за постигнување повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ	97.00	0.00	0%
Приходи по основ на финансирање радиодифузна дејност - вонсудска спогодба со МДТ	80.00	0.00	0%
Закупнини	0.27	0.27	0,02%
Приходи од услуги во земјата	2.07	2.11	0,17%
Приходи од услуги во странство	0.00	0.59	0,05%
Други деловни приходи	11.32	11.91	1,01%
Приходи од наплата по судски одлуки	0.01	0.18	0,01%
Приход од продажба на рекламно време (маркетинг)	34.04	16.92	1,39%
Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство, приходи од донации и сл.	0.30	0.31	0,02%
ВКУПНО	**1,365.55**	**1,214.15**	**100%**

Сите други приходи, вклучувајќи ги и приходите од рекламирање, приходите од продажба на програма и од реемитување, учествувале со само 2,66 % во вкупните приходи. Приходите од продажба на рекламно време изнесувале 16,92 милиони денари. Во споредба со 2024 година, кога по овој основ биле остварени 34,04 милиони денари, приходите од рекламирање се намалиле за 50,3 %. Нивното учество во вкупните приходи на МРТ изнесувало само 1,4 %.

Другите деловни приходи изнесувале 11,91 милиони денари, приходите од услуги во земјата и странство 2,70 милиони денари, приходите од закупнини 0,27 милиони денари, а приходите од продажба на програма, отстапени права, реемитување и донации 0,31 милион денари.

[12] Ибид.

Ваквата структура покажува дека МРТ има исклучително висока зависност од буџетското финансирање и ограничена можност за обезбедување приходи од сопствената дејност.

Слика 3: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2020 до 2025 година



Од продажба на рекламното време МРТ остварила 16,92 милиони денари, што е за 50,3 % помалку отколку во 2024 година. Во периодот од 2020 година наваму, приходите од рекламирање биле најниски во 2020 година кога изнесувале само 7,13 милиони денари, а највисоки во 2021 година кога изнесувале 40,73 милиони денари.

Слика 4: Движење на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2020 до 2025 година



Вкупните трошоци на јавниот сервис изнесувале 1,25 милијарди денари. Во периодот од 2020 до 2024 година трошоците во континуитет се зголемувале, сè до 2025 година, кога се намалиле за 1,53 %.

Најзначајно учество во структурата на вкупните расходи имале трошоците за вработените и трошоците за програмски права. Повеќе од половина од вкупните расходи (52 %) биле трошоците за вработените. Најголем дел од овие средства биле наменети за бруто-плати, односно од вкупно 653,39 милиони денари трошоци за вработените, 626,54 милиони денари биле наменети за бруто-плати. Според Годишниот извештај за работата на МРТ, зголемувањето на овие трошоци во однос на претходната година произлегува од усогласувањето на платите на вработените со минималната плата на ниво на државата, како и од усогласувањето согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор. Во трошоците за вработените, покрај бруто-платите, вклучени се и трошоците за отпремнина, за регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација и слично.

Табела 6: Структура на вкупните трошоци на МРТ во 2024 и 2025 година

	Остварени трошоци во 2024 година	Планирани трошоци во 2025 година	Остварени трошоци во 2025 година	Учество
Трошоци за вработените	589.57	659.10	653.39	52.31 %
Патни и транспортни трошоци	8.58	11.75	8.51	0.68 %
Заеднички трошоци	150.17	157.24	137.71	11.03 %
Програмски права	445.17	403.73	386.34	30.93 %
Други трошоци од работење	73.04	82.92	61.15	4.90 %
ВКУПНИ ТРОШОЦИ:	**1,266.52**	**1,314.74**	**1,247.10**	**99.85 %**
Набавка на опрема	22.06	17.13	1.91	0.15 %
ВКУПНИ РАСХОДИ:	**1,288.58**	**1,331.86**	**1,249.01**	**100.00 %**

Трошоците за програмски права биле втората најзначајна ставка во структурата на расходите и изнесувале 386,34 милиони денари. Во однос на 2024 година, тие се намалиле за 13 %.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани (Светски куп во биатлон, алпско и нордиско скијање, УЕФА Европско првенство во фудбал - жени, Светско првенство во водени спортови и слично) биле потрошени 45,11 милиони денари. Овој трошок во однос на 2024 година се намалил за речиси 50 %.

Другите програмски права изнесувале 24,89 милиони денари и се намалиле за 78 % во однос на минатата година. Во оваа група трошоци биле вклучени трошоците за откуп на права за пренос на Виенскиот концерт и Евросонг 2025, за емитување најразлични емисии за сите

програмски сервиси на кои се емитува ТВ-програма, за емитување на доделување филмски награди „Оскар“, квиз-емисии за деца и друго.

Трошоците за реализација на копродукциски проекти изнесувале 250,40 милиони денари и во споредба со претходната година пораснале за 17 %. Овие трошоци сочинувале две третини од сите програмски трошоци на јавниот сервис. Во нив биле вклучени договори за соработка за снимање и емитување различни видови емисии.

Трошокот за откуп на лиценци и права за емитување филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии од најразлични жанрови изнесувал 65,44 милиони денари. Во однос на минатата година овој трошок се зголемил за повеќе од двојно.

Македонската радио-телевизија годината ја завршила со загуба од 32,95 милиони денари.

Слика 5: Број на вработени во МРТ во периодот од 2020 до 2025 година (состојба на 31.12)



Во 2025 година немало нови вработувања во МРТ. Вкупниот број вработени на 31.12 изнесувал 587 лица, што е намалување за 43 лица во оснос на истиот период во претходната година.

Во периодот од последните шест години бројот на вработени во МРТ се намалил за 126 лица.

ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Петте терестријални телевизии на државно ниво (Алфа, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма) во анализираната година остварилe вкупни приходи во износ од 1,22 милијарди денари.

Слика 6: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



На сликата погоре прикажано е движењето на вкупните приходи на овие пет телевизии во последните шест години. Растот на вкупните приходи во 2021 и во 2024 се должи исклучиво на приходите од платено политичко рекламирање што во овие три години ги остварилe овие пет телевии за време на изборните процеси, и тоа 108,51 милиони денари во 2021 година за време на локалните избори, 199,48 милиони денари во 2024 за време на парламентарните и претседателските избори и 98,49 милиони денари во 2025 година за време на локалните избори. Ако се погледне движењето на вкупните приходи без приходите од платено политичко рекламирање, кои не претставуваат редовен извор на приходи и имаат периодичен карактер, очигледно е дека пазарот стагнира.

Табела 7: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи со вклучено ППР	24 %	-12 %	4 %	19	-7 %
Стапка на раст на вкупните приходи без ППР	20 %	-3 %	4 %	1 %	0,3 %

Во анализираната година четири од овие пет телевизии остариле пониски приходи отколку во 2024 година, и тоа Канал 5 за 14 %, Алсат-М за 11 %, Сител за 10 % и Телма за 1 %. Единствено Алфа остварила повисоки вкупни приходи и тоа за 15 %.

Слика 7: Движење на поединечните вкупни приходи на терестријалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Најголем удел во вкупните приходи во секоја од последните шест години имала Сител, чие учество во 2025 година било 42 %. Канал 5 учествувала со 20 %, Алфа и Алсат-М, двете телевизии со по 13 % и Телма со 12 %.

Во структурата на приходите доминирале приходите остварени од рекламирање, кои изнесувале 1,14 милијарди денари. Од нив, 1,04 милијарди денари биле од комерцијално рекламирање, а 98,49 милиони денари од платено политичко рекламирање.

Табела 8: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР во 2025 година

	вкупни приходи	приходи од комерцијално рекламирање	приходи од ППР
Алфа	155.53	127.39	9.23
Алсат-М	160.14	122.99	25.53
Канал 5	242.82	202.16	28.55
Сител	509.21	467.75	23.89
Телма	150.71	122.43	11.29
Вкупно	1,218.41	1,042.72	98.49

Во однос на претходната година, приходите од комерцијално рекламирање се пониски за 1 %, што најмногу се должи на намалувањето на приходите на Сител (за 7 %) и на Канал 5 (за 9 %). Пониски приходи остварила и Алсат-М и тоа за 1 %. Алфа и Телма остариле повеќе приходи од комерцијално рекламирање отколку во 2024 година, и тоа Алфа за 51 %, а Телма за 6 %. Сепак, овој раст не бил доволен за да го надомести падот на приходите кај Сител и Канал 5.

Слика 8: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Приходитите од комерцијално рекламирање на Сител изнесувале 467,75 милиони денари, а на Канал 5 биле повеќе од двојно пониски, односно 202,16 милиони денари. Кај другите три телевизии овие приходи биле приближно изедначени, при што Алфа остварила 127,39 милиони денари, Алсат - М 122,99 милиони денари и Телма 122,43 милиони денари.

Табела 9: Приходи од комерцијално рекламирање и стапка на раст кај терестријалните телевизии на државно ниво

	2020	2021	2022	2023	2024	2025	стапка на раст 2025/2024
Алфа	94.33	40.7	36.79	42.15	84.61	127.39	50.56 %
Алсат-М	107.48	144.54	140.9	139.45	124.81	122.99	-1.46 %
Канал 5	173.13	231.39	227.8	204.75	223.01	202.16	-9.35 %
Сител	293.23	383.48	402.5	464.88	503.88	467.75	-7.17 %
Телма	93.91	94.67	104.35	104.06	114.99	122.43	6.47 %
Вкупно	**762.08**	**894.78**	**912.34**	**955.29**	**1,051.30**	**1,042.72**	

Телевизија Сител имала најголем удел во вкупната гледаност - 24,79 %, а Канал 5 била на второ место, со удел од 10,80 %. Сител со повеќе од двојно поголем удел во гледаноста од Канал 5, остварила и повеќе од двојно повисоки приходи од комерцијално рекламирање. Алфа, Алсат-М и Телма оствариле приближно исти приходи од комерцијално рекламирање. Уделот на Алфа во вкупната гледаност изнесувал 5,39 %, на Алсат-М 3,69 %, а на Телма 2 %.

Слика 9: Удел во вкупната гледаност



Слика 10: Приходи од комерцијално рекламирање



Сител и Канал 5 заедно оствариле 63 % од приходите од комерцијално рекламирање во овој сегмент од телевизискиот пазар. Уделот на Алфа, Алсат-М и Телма бил подеднаков, секоја со по 12 %. При утврдувањето на големината на пазарот и уделот на секоја телевизија во приходите од комерцијално рекламирање вклучени се и приходите од продажба на

рекламното време на Македонската телевизија, која исто така се јавува како учесник на овој релевантен пазар.

Слика 11: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во 2025 година



Во 2025 година за емитување платено политичко рекламирање за време на локалните избори, на овие пет телевизии им биле префрлени вкупно 98,49 милиони денари, од кои 28,55 милиони денари на Канал 5 телевизија, 25,53 милиони денари на Алсат-М, 23,89 милиони денари на Сител, 11,29 милиони денари на Телма и 9,23 милиони денари на Алфа.

Слика 12: Приходи од ППР



Слика 13: Емитувано ППР во секунди



Најмногу платено политичко рекламирање емитувала Канал 5 (46 часа, една минута и 29 секунди). Оваа телевизија остварила и највисоки приходи по овој основ (28,55 милиони денари).

Слика 14: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година



Во анализираната година петте телевизии заедно потрошиле 1,18 милијарди денари. Во периодот од 2020 до 2025 година година највисоки трошоци биле направени во 2024 година.

Слика 15: Вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година



Најмногу средства потрошила Сител, во износ од 465,17 милиони денари. Трошоците на Канал 5 биле речиси двојно помалку, односно 239,43 милиони денари.

Табела 10: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво

	износ	учество
Материјални трошоци	29.43	2.50 %
Трошоци за набавка на програма	334.06	28.42 %
Нематеријални трошоци (услуги)	73.77	6.28 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	413.25	35.16 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**850.51**	**72.36%**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	42.85	3.65 %
Амортизација на опремата	75.08	6.39 %
Амортизација на права и лиценци	4.92	0.42 %
Кирии и други режиски трошоци	26.75	2.28 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	170.09	14.47 %
Вкупно трошоци на работењето	**1,170.20**	**99.57 %**
Расходи од други активности	4.80	0.41 %
Вонредни расходи	0.29	0.02 %
Вкупно трошоци на работењето	**1,175.29**	**100.00 %**

Значително помалку средства потрошиле другите три телевизии, и тоа Телма - 167,17 милиони денари, Алсат-М - 159,81 милион денари и Алфа - 143,71 милион денари.

Слика 16: Движење на трошоците за производство на програма и набавка на содржини во периодот од 2020 до 2025 година



Трошокот за производството на програма се зголемувал од година во година и во 2025 година достигнал највисоко ниво, во износ од 516,44 милиони денари. За разлика од него, трошокот за набавка на програма имал променливи движења, а во 2025 година се намалил и изнесувал 334,06 милиони денари. Во анализираниот период, најмногу средства за производство и набавка на програма издвојувала Сител. Во 2025 година трошокот за производство на програма на оваа телевизија изнесувал 147,44 милиони денари, а за набавка на програма 195,23 милиони денари.

Платите и други надоместоци за вработените учествувале со 39 % во структурата на трошоците и изнесувале 456,1 милиони денари. Сите пет телевизии издвоиле повеќе средства за плати во 2025 година, иако просечниот број на вработени се намалил за 11 лица. Намалување на вработените имало кај Алфа за шест лица, кај Алсат-М за четири лица, кај Канал 5 за едно лице. Сител и Телма го задржале истиот број вработени.

Табела 11: Трошоци за плати и просечен број на вработени

	трошоци за плати		просечен број на вработени	
	2024	**2025**	**2024**	**2025**
Алфа	62.95	67.57	99	93
Алсат-М	91.93	94.31	90	86
Канал 5	82.32	86.24	137	136
Сител	106.99	113.06	152	152
Телма	81.28	94.92	107	107
Вкупно	**425.47**	**456.1**	**585**	**574**

Петте телевизии заедно годината ја завршиле со позитивен финансиски резултат од 32,50 милион денари. Сител остварила највисока добивка од 36,58 милиони денари.

Табела 12: Финансиски резултат на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година

	2020	**2021**	**2022**	**2023**	**2024**	**2025**
Алфа	-8.85	11.17	0.41	10.96	4.88	10.33
Алсат-М	0.53	17.09	3.51	1.59	5.53	0.16
Канал 5	-12.11	0.16	0.18	0.19	2.81	1.88
Сител	-21.89	16.35	4.86	4.99	98.76	36.58
Телма	-17.47	7.4	-24.11	-25.54	0.42	-16.45
Вкупно	**-59.79**	**52.17**	**-15.15**	**-7.81**	**112.4**	**32.5**

Финансискиот резултат од работењето бил негативен само кај Телма, чија загуба изнесувала 16,45 милиони денари.

ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС

На почетокот на 2025 година шест телевизии емитуваа програма на државно ниво преку неограничен ресурс, од кои четири преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Компани 21-М, Шења, Клан и Сонце), а две преку сателит (24 Вести и Наша ТВ). На Телевизија Клан ѝ беше одземена дозволата за телевизиско емитување во април 2025 година[13]. Телевизија Сонце емитуваше во текот на целата година, но податоци за нејзиното работење во 2025 година не се достапни бидејќи на почетокот на 2026 година ѝ беше одземена дозволата за телевизиско емитување[14] (во претходните години оваа телевизија остваруваше незначителни приходи (во 2024 година само 180.000,00 денари, во 2023 година 120,000,00 денари, во 2022 година 150.000, денари).

Слика 17: Движење на вкупните приходи на четирите телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година



Затоа, анализата ги опфаќа четирите телевизии што емитуваа програма во текот на целата година и за чие економско работење се достапни податоци - Компани 21-М, Шења, 24 Вести и Наша ТВ.

[13] Одлуката за одземање на дозволата на ТВ Клан е достапна на веб-страницата на АВМУ на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-ТРД-КЛАН-МАЦЕДОНИА-Скопје.pdf

[14] Одлуката за одземање на дозволата на ТВ Сонце е достапна на веб-страницата на АВМУ на следниот линк: Одлука-за-одземање-на-дозволата-за-телевизиско-емитување-на-РТД-Телевизија-Сонце-ДООЕЛ-Прилеп-1.pdf.

Во 2025 година четирите телевизии на државно ниво кои емитуваат преку неограничен ресурс остварилe вкупни приходи од 115,36 милиони денари, што е за 19 % помалку од претходната година. Ако се исклучат приходите од платено политичко рекламирање, приходите пораснале за 5 %, но и натаму биле пониски од нивото во претходните години. Платеното политичко рекламирање значително влијае врз годишните промени на вкупните приходи на овие четири телевизии, што посебно се гледа од фактот што во 2024 година вкупните приходи пораснале за 59 %, а приходите без платено политичко рекламирање се намалиле за 19 %.

Табела 13: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи со вклучено ППР	8 %	-25 %	-13 %	59 %	-19 %
Стапка на раст на вкупните приходи без ППР	-7 %	1 %	-10 %	-19 %	5 %

Во 2025 година намалување на вкупните приходи имало кај 24 Вести, Компани 21-М и Шења. Најголемо било намалувањето кај 24 Вести, чии приходи се намалиле за 36 % во однос на 2024 година. Кај Компани 21-М и Шења тие се намалиле за 10 %, односно 13 %.

Освен во 2020 година, кога највисоки вкупни приходи прикажала телевизијата 24 Вести, во другите пет години највисоки приходи остварувала Компани 21-М.

Слика 18: Движење на поединечните вкупни приходи на четирите телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година



Приходите од рекламирање изнесувале 97,80 милиони денари и учествувале со 95 % во приходите од основната дејност. Од нив, 59,05 милиони денари биле приходи од комерцијално рекламирање, а 38,77 милиони денари од платено политичко рекламирање.

Табела 14: Приходи од комерцијално рекламирање и стапка на раст кај приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

	2020	2021	2022	2023	2024	2025	стапка на раст 2025/2024
24 Вести	41.19	35.26	30.95	28.85	30.13	25.32	-15.96 %
Наша ТВ	2.58	1.49	1.63	1.66	7.50	5.50	-26.67 %
Компани 21-М	15.14	32.13	45.07	36.04	18.75	22.16	18.19 %
Шења	3.97	3.24	7.04	11.76	10.05	6.06	-39.70 %
Вкупно	**62.88**	**72.12**	**84.69**	**78.31**	**66.43**	**59.04**	

Во 2025 година приходите од комерцијално рекламирање што заеднички ги остариле овие четири телевизии го достигнале најниското ниво во последните шест години. Највисоки приходи од комерцијално рекламирање остариле 24 Вести (25,32 милиони денари) и Компани 21-М (22,16 милиони денари). Зголемување на приходите од комерцијално рекламирање во однос на претходната година има само Компани 21-М, за 18 %. Кај другите три телевизии е забележан пад, и тоа кај 24 Вести за 16 %, кај Наша ТВ за 27 % и кај Шења за 40 %.

Слика 19: Приходи од ППР



Слика 20: Емитувано ППР во секунди



За време на локалните избори во 2025 година, платено политичко рекламирање емитувале сите четири телевизии и заедно остариле приходи од 38,77 милиони денари. Највисоки биле приходите на Компани 21-М - 16,99 милиони денари, која емитувала најдолго време платено политичко рекламирање. Шења остварила 11,95 милиони денари, 24 Вести - 6,41 милион денари и Наша ТВ - 3,41 милион денари.

Вкупните трошоци на четирите телевизии изнесувале 159,86 милиони денари. Во периодот од шест години тие биле најниски во 2022 година, а највисоки во 2024 година. Во 2025 година се намалиле за 1 %.

Слика 21: Движење на заедничките вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година



Освен во 2021 година, кога приходите биле повисоки од трошоците за 3,19 милиони денари, во другите пет години овие четири телевизии потрошиле повеќе средства отколку што остариле приходи.

Слика 22: Движење на вкупните приходи и на вкупните трошоци на телевизиите во периодот од 2020 до 2025 година



Во структурата на трошоците најголемо учество имале платите и другите надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма (53,34 %).

Табела 15: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

	износ	учество
Материјални трошоци	9.93	6.21 %
Трошоци за набавка на програма	10.63	6.65 %
Нематеријални трошоци (услуги)	3.77	2.36 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	78.67	49.21 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**103.01**	**64.44 %**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	6.61	4.13 %
Амортизација на опремата	5.39	3.37 %
Амортизација на права и лиценци	7.00	4.38 %
Кирии и други режиски трошоци	4.85	3.03 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	29.76	18.62 %
Вкупно трошоци на работењето	**156.61**	**97.97 %**
Расходи од други активности	3.21	2.01 %
Вонредни расходи	0.04	0.02 %
Вкупно трошоци на работењето	**159.86**	**100.00 %**

И покрај намалувањето на просечниот број на вработени за 21 лице, четирите телевизии заедно потрошиле 3,87 милиони денари повеќе за плати отколку минатата година. Зголемување на трошокот за плата имало кај 24 Вести, иако бројот на вработени се намалил за шест лица, кај Компани 21-М, која имала три лица помалку, и кај Шења каде бројот на вработени останал непроменет.

Табела 16: Трошоци за плати и просечен број на вработени

	трошоци за плати		просечен број на вработени	
	2024	2025	2024	2025
24 Вести	48.46	51.58	87	81
Наша ТВ	6.35	2.84	17	5
Компани 21-М	17.78	20.98	30	27
Шења	8.83	9.89	23	23
Вкупно	**81.42**	**85.29**	**157**	**136**

Во последните шест години телевизиите заедно прикажале добивка само во 2021 година, и тоа минимален износ од 2,74 милиони денари.

Телевизија 24 Вести во секоја од последните шест години работела со загуба, при што најлош финансиски резултат имала во последната година, кога загубата изнесувала 43,29 милиони денари.

Табела 17: Финансиски резултат на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година

	2020	2021	2022	2023	2024	2025
24 Вести	-1.55	-4.94	-20.87	-35.98	-27.74	-43.29
Наша ТВ	-5.8	-2.08	-1.1	-4.45	0.3	3.75
Компани 21-М	-18.9	7.4	0.15	-14.74	0.05	-8.73
Шења	-0.97	2.36	-4.02	1.31	6.67	3.37

Во 2025 година загуба прикажала и Компани 21-М, во висина од 8,73 милиони денари.

Другите две телевизии оствариле позитивен финансиски резултат, и тоа Наша ТВ добивка во износ од 3,75 милиони денари, а Шења добивка во износ од 3,37 милиони денари.

ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во текот на 2025 година програма на регионално ниво емитуваа 13 телевизии. Во анализата се опфатени податоците за 12 од нив бидејќи во периодот кога се прибираа податоците дозволата на ТВ М од Охрид[15], која емитуваше програма во регионот Д6 - Мали Влај, веќе не беше во важност.

Слика 23: Радиодифузни региони во РС Македонија



Во три радиодифузни региони (Д2, Д6 и Д7) програма не емитува ниту една телевизија. Во исто толку емитува по само една регионална телевизија (Д1 – Црн Врв Велес, Д4 и Д5), а во два (Д3 и Д8) по две телевизии. Пет од дванаесетте регионални телевизии емитуваат програма во Д1 – Скопје.

[15] Решението за бришење на ТВ М од Охрид од регистарот на радиодифузери е достапно на следниот линк: Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-на-ТРД-ТВ-М-Арнаудов-Михајло-Охрид-ДООЕЛ.pdf

Табела 18: Општини, број на население, активни деловни субјекти, број на телевизии и вкупни приходи (по радиодифузни региони)

радиодифузен регион	општини	население	активни деловни субјекти	број на ТВ	вкупни приходи
Д1-Црн Врв Скопје	Град Скопје, Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани	607.007	29.346	5	24.34
Д1-Црн Врв Велес	Градско, Велес, Неготино, Чашка, Росоман, Кавадарци, Свети Николе, Демир Капија и Лозово	138.722	5.201	1	4.06
Д2-Страцин	Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово	152.982	4.197	0	0.00
Д3-Туртел	Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово	150.234	5.500	2	14.39
Д4-Боскија	Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Ново Село, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија	148.387	5.477	1	2.98
Д5-Пелистер	Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница	260.211	8.943	1	11.41
Д6-Мали Влај	Охрид, Струга, Вевчани и Дебарца	108.486	5.063	0	0.00
Д7-Стогово	Центар Жупа, Дебар и Маврово и Ростуша	24.174	706	0	0.00
Д8-Попова Шапка	Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце и Теарце	246.510	8.877	2	15.83

Вкупните приходи што 12-те регионални телевизии ги остариле во 2025 година изнесувале 73,01 милион денари.

Слика 24: Движење на вкупните приходи на 12-те регионални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Движењето на вкупните приходи во последните шест години покажува нивна висока условеност од платеното политичко рекламирање. Во годините кога имало изборни циклуси и регионалните телевизии емитувале платено политичко рекламирање, нивните заеднички вкупни приходи биле значително повисоки. Така, вкупните приходи без приходите од платено политичко рекламирање во 2025 година изнесувале само 43,27 милиони денари.

Табела 19: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи со вклучено ППР	27 %	-34 %	-7 %	110 %	-23 %
Стапка на раст на вкупните приходи без ППР	13 %	3 %	-3 %	-14 %	11 %

Во 2025 година само две телевизии остариле повисоки вкупни приходи отколку во претходната година - Топестрада за 35 % и Едо за 18 %. Вкупните приходи на другите десет телевизии се намалиле, при што најзначаен пад имало кај Вистел за 73 % и Шутел за 64 %. Во 2025 година целиот приход на овие две телевизии бил остварен од платено политичко рекламирање.

Табела 20: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година

регион	ТВ	2020	2021	2022	2023	2024	2025
Д1 Скопје	Едо	3.97	2.99	2.90	2.87	4.37	5.16
	Ера	10.54	12.08	8.40	9.69	12.15	11.44
	Прва Скопска	6.08	6.85	4.91	3.89	5.77	5.38
	Шутел	4.26	3.25	0.31	0.04	4.88	1.75
	Вистел	/	/	/	0.00	2.30	0.61
Д1 Велес	КТВ	2.08	4.13	2.69	2.93	5.53	4.06
Д3 Туртел	Стар	8.36	10.35	9.88	7.33	15.82	10.49
	М Нет-ХД Штип	0.32	2.56	1.46	1.38	4.76	3.90
Д4 Боскија	Кобра	1.77	1.75	1.17	1.4	4.16	2.98
Д5 Пелистер	Тера	9.58	15.2	8.74	10.44	19.22	11.41
Д8 Попова Шапка	Коха	8.38	12.84	8.05	4.02	14.37	14.29
	Топестрада	2.53	1.22	0.08	1.01	1.14	1.54

По радиодифузни региони, регионалниот пазар е значително нерамномерен, како по бројот на телевизии така и по економската моќ на секој регион. Во регионот Д1-Скопје, каде што има пет телевизии и најголем пазарен потенцијал, како од аспект на публиката така и од аспект на

потенцијалните огласувачи, во 2025 година биле остварени една третина од вкупните приходи на сите региони.

82,13 % од вкупните приходи на овие 12 телевизии биле од рекламирање, и тоа 41,40 % од комерцијално рекламирање (30,22 милиони денари) и 40,74 % од платено политичко рекламирање (29,74 милиони денари).

Позначајни приходи од комерцијално рекламирање прикажале телевизиите Ера од Скопскиот Регион (8,7 милиони денари) и Стар од Штипскиот Регион (7,67 милиони денари).

Две телевизии – Шутел и Вистел (двете емитуваат програма во скопскиот радиодифузен регион) во анализираната година остариле приходи само од платено политичко рекламирање.

Табела 21: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР на регионалните телевизии во 2025 година

регион		вкупни приходи	приходи од комерцијално рекламирање	приходи од ППР
Д1 Скопје	Едо, Скопје	5.16	1.25	1.67
	Ера, Скопје	11.44	8.70	2.74
	Прва Скопска, Скопје	5.38	1.26	2.25
	Шутел, Скопје	1.75	0.00	1.75
	Вистел, Скопје	0.61	0.00	0.61
Д1 Велес	КТВ, Кавадарци	4.06	3.02	1.04
Д3 Туртел	Стар, Штип	10.49	7.67	2.02
	М Нет-ХД, Штип	3.90	2.75	1.10
Д4 Боскија	Кобра, Радовиш	2.98	0.96	1.12
Д5 Пелистер	Тера, Битола	11.41	0.98	3.75
Д8 Попова Шапка	Коха, Тетово	14.29	2.83	10.95
	Топестрада, Тетово	1.54	0.81	0.73
	вкупно	73.01	30.22	29.74

Сите 12 регионални телевизии емитувале платено политичко рекламирање, но има забележителни разлики во приходите што ги остариле.

Телевизија Коха, која емитува програма во регионот Д8 – Попова Шапка, од платено политичко рекламирање остварила 10,95 милиони денари. За споредба, приходите од платено политичко рекламирање на телевизија Алфа изнесувале 9,23 милиони денари, на 24 Вести - 6,41 милиони денари и на Наша ТВ – 3,41 милиони денари.

Приходите од комерцијално рекламирање во 2025 година бележат раст од 15 % во однос на претходната година, меѓутоа се на исклучително ниско ниво во сите шест години и далеку од тоа да можат да обезбедат одржливост.

Слика 25: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 12-те регионални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Регионалните телевизии во 2025 година заедно потрошиле 79,96 милиони денари. Во однос на претходната година трошоците се намалиле за 11 %.

Табела 22: Вкупни трошоци на регионалните телевизии (по региони и по телевизии) во 2025 година

	вкупни трошоци		
		по телевизија	по регион
Едо	Д1-Скопје	5.08	37.84
Ера		11.23	
Прва Скопска		5.20	
Шутел		4.79	
Вистел		11.53	
КТВ	Д1-Велес	4.27	4.27
Стар	Д3	10.13	13.82
М Нет-ХД Штип		3.69	
Кобра	Д4	2.91	2.91
Тера	Д5	10.83	10.83
Коха	Д8	8.72	10.30
Топестрада		1.57	

Највисоки вкупни трошоци имале телевизиите Вистел (11,53 милиони денари), Ера (11,23 милиони денари) и Тера (10,83 милиони денари). Трошоците на Вистел биле дури за 18 пати повисоки од нејзините остварени приходи.

61,29 % од вкупните трошоци на регионалните телевизии биле директни трошоци за создавање програма, односно вкупно 49,01 милиони денари. Од нив, пак, најголем дел (36,95 милиони денари) биле за плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма. За набавка на програма сите 12 регионални телевизии заедно потрошиле само 1, 01 милиони денари.

Табела 23: Структура на трошоците на 12-те регионални телевизии

	износ	учество
Материјални трошоци	6.73	8.42 %
Трошоци за набавка на програма	1.01	1.26 %
Нематеријални трошоци (услуги)	4.32	5.40 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	36.95	46.21 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**49.01**	**61.29 %**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	9.49	11.87 %
Амортизација на опремата	3.84	4.80 %
Амортизација на права и лиценци	1.58	1.98 %
Кирии и други режиски трошоци	6.03	7.54 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	7.52	9.40 %
Вкупно трошоци на работењето	**77.47**	**96.89 %**
Расходи од други активности	1.85	2.31 %
Вонредни расходи	0.64	0.80 %
Вкупно трошоци на работењето	**79.96**	**100.00 %**

Платите и надоместоците за вработените изнесувале 46,45 милиони денари, односно 58 % од вкупните трошоци. И покрај тоа што просечниот број на вработени се зголемил од 76 на 80 лица, вкупните трошоци за плати се намалиле од 49,72 милиони денари во 2024 година на 46,45 милиони денари во 2025 година.

Во анализираната година, најмногу за плати потрошиле Стар (7,89 милиони денари), Ера (6,40 милиони денари) и Вистел (6,96 милиони денари), а највисок просечен број на вработени имала Ера - 16 лица. Кај другите телевизии просечниот број на вработени се движи од две лица во Топестрада до осум лица во Шутел.

Табела 24: Трошоци за плати и просечен број на вработени

	трошоци за плати		просечен број на вработени	
	2024	2025	2024	2025
Едо	2.65	3.06	7	7
Ера	4.76	6.40	16	16
Прва Скопска	2.53	2.52	5	5
Шутел	0.00	1.00	н.п.	8
Вистел	8.82	6.96	8	7
КТВ	3.07	3.30	6	6
Стар	10.85	7.89	7	7
М Нет-ХД Штип	2.68	2.86	6	5
Кобра	1.56	1.86	3	3
Тера	8.77	5.62	8	7
Коха	3.65	4.65	8	7
Топестрада	0.38	0.33	2	2
Вкупно	**49.72**	**46.45**	**76**	**80**

Регионалните телевизии заедно ја завршиле годината со негативен финансиски резултат од 7,47 милиони денари. Девет телевизии остварилe добивка во вкупен износ од 6,74 милиони денари, додека три прикажале загуба од вкупно 14,21 милиони денари.

Слика 26: Финансиски резултат на регионалните телевизиите во 2025 година



Најголема добивка имала Коха — 5,19 милиони денари, а највисока била загубата на Вистел во износ од 10,92 милиони денари.

ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Бројот на локалните телевизии во 2025 година остана непроменет во однос на 2024 година, односно програма емитуваа истите 13 телевизии. Вкупните приходи што тие ги остариле изнесувале 29,84 милиони денари и биле за 16,03 милиони денари, односно 35 %, пониски од приходите остварени во претходната година.

Слика 27: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Заедничките приходи од редовното работење (без приходите од платено политичко рекламирање) на овие 13 телевизии изнесувале само 12,75 милиони денари. Иако биле за 9 % повисоки отколку во претходната година, нивниот обем е на исклучително ниско ниво, што укажува на економската неодржливост на локалниот телевизиски пазар и значителна зависност на локалните телевизии од повремените приходи што се остваруваат во изборните години.

Табела 25: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи со вклучено ППР	70 %	-74 %	49 %	221%	-35 %
Стапка на раст на вкупните приходи без ППР	-9 %	- 22 %	49 %	-18 %	9 %

Во 2025 година од емитување платено политичко рекламирање овие 13 телевизии остварилe 17,09 милиони денари, а од комерцијално рекламирање само 9,26 милиони денари.

Само една локална телевизија – Гурра од Кичево остварила повеќе вкупни приходи отколку во 2024 година. Другите 12 телевизии остварилe помалку приходи.

Најголемо било намалувањето кај телевизија Дибра од Дебар (96 %), и кај Спектра од Струга (95 %).

Слика 28: Вкупни приходи на локалните телевизии во 2025 година



Локалниот телевизиски пазар покажува значителни разлики во остварените приходи меѓу одделните подрачјата. Највисоки приходи во износ од 11,06 милиони денари, остварилe трите

телевизии кои емитуваат програма на локалното подрачје на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане. За споредба, двете телевизии во подрачјето на општините Гостивар, Боговиње и Врапчиште остариле 5,50 милиони денари, односно двојно помалку, иако овие две подрачја имаат релативно сличен број жители и активни деловни субјекти.

Од друга страна, во подрачјето на општините Кичево, Македонски Брод и Пласница, бројот на жители и активни деловни субјекти е приближно двојно помал во споредба со подрачјето на Гостивар, Боговиње и Врапчиште. Сепак, двете телевизии што емитуваат програма во ова подрачје остариле приходи од 5,02 милиони денари, што е речиси на исто ниво со приходите на телевизиите од подрачјето на Гостивар, Боговиње и Врапчиште.

Табела 26: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја)

Локални подрачја	Население	Активни деловни субјекти	број на ТВ	Вкупни приходи
ЛП-Куманово, Липково и Старо Нагоричане	123.913	3.372	3 (Феста, Плус и Њуз)	11.06
ЛП-Гостивар, Боговиње и Врапчиште	102.518	3.533	2 (Дуе и Г-ТВ)	5.50
ЛП-Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци	53.634	1.962	1 (ТВ К)	2.94
ЛП-Струга и Вевчани	53.339	2.320	2 (Калтрина и Спектра)	1.65
ЛП-Кичево, Македонски Брод и Пласница	49.780	1.555	2 (Гурра и Ускана медиа)	5.02
ЛП-Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше	24.174	706	1 (Дибра)	0.05
ЛП-Кратово и Пробиштип	20.962	602	1 (Протел)	2.59
ЛП-Свети Николе и Лозово	17.584	750	1 (Свет)	1.03

Приходите од комерцијално рекламирање изнесувале само 9,26 милиони денари. Во секоја од последните шест години биле на исклучително ниско ниво. Највисока вредност достигнале во 2023 година (11,72 милиони денари), по што во наредните две години повторно бележат намалување. Во 2025 година тие биле на речиси исто ниво како и во 2020 година и изнесувале 9,26 милиони денари.

Слика 29: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 13-те локални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Највисоки приходи од комерцијално рекламирање остварилe телевизијата Плус од Куманово (3,35 милиони денари), ТВ К од Кочани (1,98 милиони денари) и Гурра од Кичево (1,21 милиони денари). Најниски приходи имала Свет во износ од 44 илјади денари. Само Калтрина од Струга не остварила приходи од комерцијално рекламирање.

Слика 30: Поединечни приходи од комерцијално рекламирање на локалните телевизии во 2025 година



Локалните телевизии заедно потрошиле 30,96 милиони денари. Најмногу средства потрошила Плус (5,62 милиони денари).

Слика 31: Движење на вкупните трошоци на 13-те локални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година



Трошоци за набавка на програма прикажала само телевизијата Дуе од Гостивар, и тоа во вредност од само 60 илјади денари.

Другите 21,18 милиони денари биле потрошени за производство на програма.

Табела 27: Структура на трошоците на локалните телевизии

	износ	учество
Материјални трошоци	3.56	11.51 %
Трошоци за набавка на програма	0.06	0.20 %
Нематеријални трошоци (услуги)	3.39	10.95 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	14.23	45.96 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**21.25**	**68.62 %**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	3.54	11.43 %
Амортизација на опремата	1.35	4.36 %
Амортизација на права и лиценци	0.13	0.42 %
Кирии и други режиски трошоци	0.82	2.65 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	3.83	12.39 %
Вкупно трошоци на работењето	**30.92**	**99.87 %**
Расходи од други активности	0.00	0.00 %
Вонредни расходи	0.04	0.13 %
Вкупно трошоци на работењето	**30.96**	**100.00 %**

Платите и надоместоците за вработените изнесувале 17,77 милиони денари, односно 57 % од вкупните трошоци. Тие се намалиле во споредба со минатата година, иако вкупниот просечен број на вработени останал ист. Просечниот број на вработени кај локалните телевизии изнесувал 43 лица.

Табела 28: Трошоци за плати и просечен број на вработени

	трошоци за плати		просечен број на вработени	
	2024	2025	2024	2025
Феста	2.18	1.61	4	4
ТВ К	1.84	1.46	3	4
Протел	1.64	1.94	3	3
Свет	0.70	0.55	2	1
Калтрина	2.03	2.36	3	4
Спектра	0.57	0.62	4	4
Дибра	0.81	0.52	2	1
Гурра	0.68	1.13	3	3
Дуе	1.62	1.53	4	4
Г-ТВ	1.62	1.69	4	5
Плус	4.12	2.58	4	4
Ускана медиа	0.54	0.91	3	2
Њуз	1.13	0.85	4	4
Вкупно	**19.49**	**17.77**	**43**	**43**

Локалните телевизии заедно ја завршиле 2025 година со негативен финансиски резултат од 1,09 милиони денари. Девет телевизии остварилe добивка во вкупен износ од 1,82 милиони денари, додека четири телевизии прикажале загуба од 2,91 милион денари. Најголема била добивката на Њуз - 0,87 милиони денари, а највисока загуба прикажала Калтрина – 1,44 милиони денари.

Слика 32: Финансиски резултат на локалните телевизиите во 2025 година



РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Комерцијалните радиостаници што емитуваат програма на државно ниво се единствен сегмент од индустријата каде што се јавува позначајна разлика меѓу вкупните приходи и приходите од основната дејност – „емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина“. Ваквата состојба се должи на фактот што радиостаницата Канал 77 во последните шест години остварувала приходи и од други дејности, и тоа: во 2020 година тие изнесувале 17,22 милиони денари, во 2021 година 22,17 милиони денари, во 2022 година 27,21 милион денари, во 2023 година 33,33 милиони денари, во 2024 година 19,46 милиони денари и во 2025 година 23,39 милиони денари.

Слика 33: Вкупни приходи, приходи од дејноста и приходи од дејноста без ППР на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година



Приходите од основната дејност на овие четири радиостаници во 2025 година изнесувале 91,42 милиони денари. Во споредба со претходната година, тие се намалиле за 1,70 %, што се должи на високите приходи од платено политичко рекламирање во 2024 година (12,61 милиони денари). Движењето на приходите од основна дејност без приходите од платено политичко рекламирање покажува раст во 2025 година, и тоа за 5,95 %.

Највисоки приходи од дејноста во анализираната година остварила радиостаницата Канал 77 (36,95 милиони денари). Приходите на Антена 5 изнесувале 35,37 милиони денари, а приходите на другите две радиостаници биле значително пониски – Метрополис 11,89 милиони, а Јон 7,21 милиони денари.

Слика 34: Движење на приходите од дејноста на радиостаниците во период од 2020 до 2025 година



Доминантен извор на финансирање на радиостаниците биле приходите од рекламирање. Тие изнесувале 84,86 милиони денари, односно 93 % од заедничките приходи од основната дејност на четирите радиостаници.

Табела 29: Вкупни приходи, приходи од основна дејност, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР во 2025 година

	вкупни приходи	приходи од дејноста	приходи од комерцијално рекламирање	приходи од ППР
Антена 5	35.37	35.37	33.16	2.17
Канал 77	60.34	36.95	34.55	2.40
Метрополис	11.89	11.89	4.56	0.81
Јон	7.36	7.21	6.34	0.87
вкупно	114.96	91.42	78.61	6.25

86 % од приходите од комерцијално рекламирање на овој сегмент на радискиот пазар се приходите на Канал 77 и Антена 5.

Канал 77 остварила 34,55 милиони денари од комерцијално рекламирање, што претставува 44 % од вкупните приходи од овој вид реклами, а Антена 5 со 33,16 милиони денари учествувала со 42 %. Уделите на Јон и Метрополис биле значително помали и изнесувале 8 %, односно 6 %.

Слика 35: Удел во заедничките приходи од комерцијално рекламирање на радиостаниците на државно ниво во 2025 година



Во однос на 2024 година, само Антена 5 остварила помалку приходи од комерцијално рекламирање, и тоа за 7 %. Приходите на Канал 77 се зголемиле за 12 %, на Јон за 67 %, а кај Метрополис биле дури за седум пати повисоки. Високите стапки на раст кај Метрополис и кај Јон се резултат на исклучително ниската споредбена основа од претходната година.

Слика 36: Приходи од комерцијално рекламирање во 2024 година и во 2025 година



Вкупните трошоци на четирите радиостаници изнесувале 99,08 милиони денари. Во споредба со претходната година тие пораснале за 3 %, а воедно биле и највисоки во периодот од 2020 до 2025 година.

Во споредба со претходната година, трошоците на Метрополис се зголемиле за 15 %, на Антена 5 за 10 %, а на Канал 77 за 0,3 %, додека радиостаницата Јон ги намалила трошоците за 18 %.

Слика 37: Движење на вкупните трошоци по радиостаница во период од 2020 до 2025 година



Најголемиот дел од вкупните трошоци се однесувал на директните трошоци за создавање на програмата. Тие изнесувале 69,62 милиони денари, односно 70 % од вкупните трошоци што ги направиле радиостаниците.

Табела 30: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво

	износ	учество
Материјални трошоци	21.00	21.19 %
Трошоци за набавка на програма	3.77	3.80 %
Нематеријални трошоци (услуги)	17.00	17.15 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	27.85	28.11 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**69.62**	**70.26 %**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	2.69	2.72 %
Амортизација на опремата	10.23	10.32 %
Амортизација на права и лиценци	0.00	0.00 %
Кирии и други режиски трошоци	3.56	3.60 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	11.37	11.48 %
Вкупно трошоци на работењето	**97.47**	**98.38%**
Расходи од други активности	0.87	0.88 %
Вонредни расходи	0.74	0.74 %
Вкупно трошоци на работењето	**99.08**	**100.00%**

Четирите радиостаници за плати за вработените издвоиле 30,54 милиони денари. Највисок трошок за плати во 2025 година направила Канал 77, која за оваа намена издвоила средства од 13,35 милиони денари. Оваа радиостаница имала и највисок просечен број на вработени – 19 лица. Просечниот број на вработени кај Антена 5 и Јон бил ист - 14 лица, за кои Антена 5 потрошила 9,53 милиони денари, а Јон издвоила три пати помалку – 3,10 милиони денари. Метрополис, со просечно 10 вработени, во текот на 2025 година за плати потрошила 4,56 милиони денари.

Слика 38: Трошоци за плати и просечен број на вработени



Во 2025 година заедничкиот финансиски резултат на четирите радиостаници бил добивка во износ од 14,59 милиони денари.

Три радиостаници остварилe позитивен финанскиски резултат: Канал 77 (12,88 милиони денари), Антена 5 (1,98 милиони денари) и Метрополис (0,12 милиони денари). Овие три радиостаници во секој од последните шест години остварувале добивка.

Табела 31: Финансиски резултат на радиостаниците во периодот од 2020 до 2025 година

Радиостаница	2020	2021	2022	2023	2024	2025
Антена 5	2.04	4.3	1.62	4.24	7.69	1.98
Канал 77	0.02	0.4	0.16	3.02	7.43	12.88
Метрополис	1.65	1.02	0.05	1.52	1.31	0.12
Јон	-4.26	-3.65	-2.44	0.08	-1.9	-0.39

Во 2025 година само радиостаницата Јон остварила негативен финанскиски резулат, и тоа загуба во износ од 0,39 милиони денари. Во периодот од последните шест години оваа радиостаница остварила добивка само во 2023 година, а во другите пет години финансискиот резулатат од нејзиното работење бил негативен.

РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во 2025 година програма на регионално ниво емитуваа вкупно 14 радиостаници.

Заеднички тие остварилe вкупни приходи во износ од 85,46 милиони денари, од кои 3,18 милиони денари[16] биле приходи од други дејности. Приходите остварени од дејноста изнесувале 82,28 милиони денари, што е за 3,22 % помалку отколку во претходната година. Намалувањето, исто како и кај другите сегменти на индустријата се должи на високите приходи од платено политичко рекламирање во 2024 година (во износ од 13,87 милиони денари).

Слика 39: Движење на вкупните приходи на радиостаниците во периодот од 2020 до 2025 година



Приходите што во 2025 година ги остварилe овие 14 радиостаници од редовното работење (без приходите од платено политичко рекламирање) изнесувале 73,47 милиони денари и се за 3,25 % повисоки отколку во 2024 година.

Половина од заедничките приходи што од вршење на дејноста ги остварилe овие 14 регионални радиостаници (50,32 %) се приходите на само три радиостаници – Буба Мара

[16] Целокупниот износ го прикажала радиостаницата Џез ФМ.

(21,20 милиони денари), Скај (10,29 милиони денари) и Спортско радио 90,3 ФМ (9,91 милиони денари).

Слика 40: Приходи од дејноста на регионалните радиостаници во 2025 година



Во споредба со претходната година, повисоки приходи остариле девет регионални радиостаници. Пониски приходи остариле пет од нив: Буба Мара, Урбан, Сити, Спортско радио 90.3 ФМ и Фортуна.

Табела 32: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во периодот од 2020 до 2025 година

Радиостаница	2020	2021	2022	2023	2024	2025
99	0.84	1.47	1.43	0.4	0.59	1.88
Буба Мара	13.35	10.41	14.7	15.86	24.17	21.20
Ват	4.63	5.13	4.44	4.09	5.04	5.62
Зона М-1	1.27	1.85	0.79	0.89	1.87	2.94
Урбан	1.97	1.97	1.2	0.74	1.9	0.74
Клуб ФМ	2.85	2.33	2.44	3.2	5.02	5.30
Лајф ФМ	4.69	2.67	2.82	2.98	4.01	4.57
Роса АБ (Лидер)	2.01	1.6	0.95	0.28	1.84	1.98
РФМ	0.18	0.34	0.42	0.23	0.24	0.73
Сити	6.18	5.66	5.3	5.07	7.76	6.59
Скај	2.83	4.17	5.06	5.85	8.98	10.29
Спортско радио 90,3 ФМ	7.00	8.56	9.23	9.17	10.21	9.91
Фортуна	5.27	5.73	6.02	5.49	7.67	6.63
Џез ФМ	2.21	0.71	0.58	1.05	5.72	7.08

Од комерцијално рекламирање биле остварени 59,87 милиони денари. 65 % од овој износ оствариле само пет радиостаници (Буба Мара, Спортско радио 90,3 ФМ, Скај, Фортуна и Сити, а приходите од рекламирање на другите девет радиостаници претставувале 35 % од овој износ.

Слика 41: Учество во приходите од комерцијално регкламирање во 2025 година



Радиостаниците Буба Мара, Спортско радио 90,3 и Скај прикажале повисоки приходи од комерцијално рекламирање отколку било која регионална телевизија (највисоки приходи од реклами прикажала телевизија ЕРА од Скопје – 8.70 милиони денари).

Слика 42: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници



Приходите од комерцијално рекламирање на Буба Мара биле повисоки од приходите на 13-те локални телевизии заедно (9,26 милиони денари).

Од платено политичко рекламирање регионалните радиостаници остварилe 8,81 милиони денари. Највисоки приходи од платено политичко рекламирање прикажале радиостаниците Скај (1,29 милиони денари), Сити (1,23 милиони денари) и Буба Мара (1,22 милиони денари). Платено политичко рекламирање не емитувале само Урбан и Џез ФМ.

Табела 33: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од платено политичко рекламирање на регионалните радиостаници во 2025 година

	Вкупни приходи	приходи од комерцијално рекламирање	приходи од ППР
РА 99	1.88	1.69	0.19
РА Буба Мара	21.20	9.57	1.22
РА Ват	5.62	5.30	0.25
РА Зона М-1	2.94	1.16	0.79
РА Урбан	0.74	0.74	0.00
РА Клуб ФМ	5.30	3.32	0.77
РА Лајф ФМ	4.57	4.12	0.15
РА Роса АБ (Лидер)	1.98	1.09	0.89
РА РФМ	0.73	0.13	0.56
РА Сити	6.59	5.35	1.23
РА Скај	10.29	9.01	1.29
РА Спортско радио 90,3 ФМ	9.91	9.19	0.66
РА Фортуна	6.63	5.63	0.83
РА Џез ФМ	7.08	3.58	0.00
Вкупно	**85.46**	**59.87**	**8.81**

Регионалните радиостаници заедно потрошиле 75,84 милиони денари, што е за 2 % помалку отколку во 2024 година.

Слика 43: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници во периодот од 2020 до 2025 година



Директните трошоци за создавање програма во вкупен износ од 55,88 милиони денари претставуваат 73,68 % од вкупните трошоци.

Табела 34: Структура на трошоците на радиостаниците на регионално ниво

	износ	учество
Материјални трошоци	8.34	11.00 %
Трошоци за набавка на програма	4.28	5.64 %
Нематеријални трошоци (услуги)	5.07	6.68 %
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	38.19	50.35 %
Директни трошоци за создавање на програмата	**55.88**	**73.68 %**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	2.24	2.95 %
Амортизација на опремата	2.93	3.86 %
Амортизација на права и лиценци	0.94	1.23 %
Кирии и другите режиски трошоци	2.18	2.88 %
Сите други неопфатени трошоци од работењето	11.52	15.19 %
Вкупно трошоци на работењето	**75.68**	**99.79 %**
Расходи од други активности	0.16	0.21 %
Вонредни расходи	0.00	0.00 %
Вкупно трошоци на работењето	**75.84**	**100.00%**

Најмногу средства во анализираната година потрошила радиостаницата Буба Мара (13 милиони денари), а најниски вкупни трошоци прикажала РФМ (само 430.000,00 денари)

Слика 44: Поединечни вкупни трошоци на регионалните радиостаници во 2025 година



За плати за вработените радиостаниците издвоиле 40,43 милиони денари. Во однос на минатата година овие средства се намалиле за 11 %. Вкупниот просечен број на вработени во 2025 година бил 57, односно за три лица помалку отколку во претходната година.

Табела 35:Трошоци за плати и просечен број на вработени

	трошоци за плати		просечен број на вработени	
	2024	**2025**	**2024**	**2025**
99	1.18	1.34	3	3
Буба Мара	11.72	4.85	6	6
Ват	2.19	1.77	5	4
Зона М-1	1.42	2.08	3	4
Урбан	2.37	2.30	4	3
Клуб ФМ	3.66	2.67	5	5
Лајф ФМ	1.55	1.80	3	3
Роса АБ (Лидер)	1.73	1.70	3	3
РФМ	0.46	0.09	5	1
Сити	2.24	3.09	5	5
Скај	4.03	4.37	4	4
Спортско радио 90,3 ФМ	5.66	6.75	6	8
Фортуна	2.48	2.12	4	3
Џез ФМ	4.51	5.50	4	5
ВКУПНО	**45.20**	**40.43**	**60**	**57**

Регионалните радиостаници заедно оствариле добивка од 8,04 милиони денари. Најголема била добивката на Буба Мара во износ од 7,57 милиони денари. Четири радиостаници годината ја завршиле со негативен финансиски резултат, и тоа Урбан, Роса АБ (Лидер), Спортско радио 90,3 ФМ и радиостаницата 99.

Слика 45: Финансиски резултат на регионалните радиостаници во 2025 година



РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

На почетокот од 2025 година програма на локално ниво емитуваа вкупно 36 радиостаници (33 комерцијални и три непрофитни радиостаници). Во април 2025 година престана да важи дозволата на непрофитното радио Универзитетско радио УГД ФМ од Штип[17], а во текот на годината беа доделени четири нови дозволи за емитување програма, и тоа на радиостаниците Сквер од Куманово[18], Буба Мара од Прилеп[19], Буба Мара Студио од Штип[20] и радиостаницата Струга од Струга[21]. На крајот од годината радиопрограма на локално ниво емитуваа вкупно 39 радиостаници (37 комерцијални и две непрофитни радија). Во оваа анализа се опфатени податоците за 38 од нив (36 комерцијални и две непрофитни радиостаници), поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците (март 2026 година), дозволата на радиостаницата Супер од Охрид веќе не беше во важност и Агенцијата не располага со податоци за економското работење на оваа радиостаница во 2025 година.

Вкупните приходи што заедно ги остариле комерцијалните локални радиостаници во 2025 година изнесувале 47,65 милиони денари и биле за 10 % повисоки од приходите остварени во претходната година. Во секоја од последните шест години вкупните приходи на комерцијалните локални радиостаници биле на исклучително ниско ниво, што укажува на ограничениот економски потенцијал на локалниот пазар и слабата одржливост на локалните радиостаници. Приходите од платено политичко рекламирање во 2025 година, во износ од

[17] На 3.4.2025 година Универзитетското радио УГД ФМ од Штип ја извести Агенцијата дека престанува да ја врши дејноста, по што дозволата за радиоемитување престана да важи по сила на закон. Решението за бришење на оваа радиостаница од регистарот на радиодифузери е достапно на веб-страницата на Агенцијата, на следниот линк: Решение-за-бришење-од-регистарот-на-радиодифузери-за-Непрофитна-радиодифузна-установа-Универзитетско-радио-УГД-Штип.pdf, пристапено на 9.9.2026 година

[18] Одлука за доделување дозволи за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Куманово (Уп1 бр.08-362 од 6.2.2025 година): Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Куманово.pdf

[19] Одлука за доделување дозволи за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Прилеп (Уп1 бр.08-225 од 29.7.2025 година): Одлука-за-доделување-дозвола-за-радио-емитување-на-подрчајето-на-општина-Прилеп.pdf

[20] Одлука за доделување дозволи за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Штип (Уп1 бр.08-214 од 8.8.2025 година): Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Штип.pdf

[21] Одлука за доделување дозволи за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Струга (Уп1 бр.08-213 од 8.8.2025 година): Одлука-за-доделување-на-дозвола-за-радио-емитување-на-програмски-сервис-на-локално-ниво-на-подрачјето-на-општина-Струга.pdf

6,22 милиони денари, биле речиси на исто ниво со оние остварени во 2024 година. И без нив, вкупните приходи бележат раст од 9 %.

Слика 46: Движење на вкупните приходи на комерцијалните локални радиостаници во периодот од 2020 до 2025 година



Највисоки вкупни приходи остварила Радио Кавадарци во износ од 4,29 милиони денари. Меѓутоа, оваа радиостаница остварувала приходи и од други дејности, и тоа во износ од 1,49 милиони денари. Приходите што ги остварила само од основна дејност – емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина изнесувале 2,80 милиони денари.

Табела 36: Стапка на раст на вкупните приходи на комерцијалните радиостаници во периодот од 2020 до 2025 година

	2021/2020	2022/2021	2023/2022	2024/2023	2025/2024
Стапка на раст на вкупни приходи со вклучено ППР	27 %	-12 %	10 %	24%	10 %
Стапка на раст на вкупните приходи без ППР	26 %	-6 %	10 %	8 %	9 %

Приходите од рекламирање изнесувале 39,14 милиони денари и нивното учество во приходите од основната дејност изнесувало 83 %. Од нив 32,93 милиони денари биле од

комерцијално огласување, а 6,22 милиони денари приходи од платено политичко рекламирање.

Табела 37: Приходи основна дејност и приходи од комерцијално рекламирање на локалните радиостаници во 2025 година

Радиостаница	Приходи од основна дејност	Приходи од комерцијално рекламирање	Приходи од ППР
РА 106, Битола	1.42	1.42	0
Валандово	0.72	0.26	0.22
Голди, Велес	0.82	0.73	0.06
Мерак 5 ФМ, Велес	0.77	0.33	0
Ла Коста, Виница	0.65	0.65	0
Комета, Гостивар	1.05	0.64	0.41
Александар Македонски, Кичево	0.95	0.95	0
Тајм, Гевгелија	2.18	2.01	0.12
Галакси-2002, Кавадарци	1.38	1.16	0
Кавадарци	2.8	2.27	0.53
Акорд, Кичево	0.33	0.33	0
Медисон, Кичево	0.18	0.18	0
Кочани ФМ	2.14	1.43	0.53
Бум, Куманово	2.89	0.99	0.89
Јехона ФМ, Куманово	1.06	0.39	0.25
Сквер, Куманово	0.67	0.51	0.16
Пулс, Неготино	1.12	1.12	0
Мефф, Прилеп	1.25	1.25	0
Холидеј, Прилеп	1.89	1.89	0
Пела, Кривогаштани	2.17	0.36	0.51
Буба Мара, Прилеп	0.29	0.13	0.16
Еко, Пробиштип	0.03	0.03	0
Буба Мара Студио, Штип	0	0	0
Модеа, Свети Николе	0.61	0.43	0
Свети Николе	0.73	0.73	0
Плеј, Струга	1.82	1.38	0.31
Струга, Струга	0.32	0.32	0
Експрес, Струмица	2.59	2.25	0.28
Хит, Струмица	1.28	1	0.09
Блета, Тетово	2.18	1.17	0.74
Кисс, Тетово	1.83	1.46	0.34
Плус Форте, Тетово	1.79	1.04	0.47
РА 7, Тетово	2.38	0.61	0.18
Ред ФМ, Тетово	1.07	1.07	0
Енџелс ФМ, Штип	2.32	2.32	0
Импулс, Ново Село	0.51	0.08	0

Највисоки приходи од комерцијално рекламирање прикажале Енџелс ФМ од Штип во износ од 2,32 милиони денари, Радио Кавадарци (2,27 милиони денари), Експрес од Струмица (2,25 милиони денари) и Тајм од Гевгелија (2,02 милиони денари).

Слика 47: Движење на вкупните трошоци на комерцијалните локални радиостаници во период од 2020 до 2025 година



Вкупните трошоци на комерцијалните локални радиостаници изнесувале 45,72 милиони денари, што е за 46 % повеќе отколку во 2020 година и за 8 % повеќе отколку во 2024 година. Највисоки вкупни трошоци од комерцијалните радиостаници прикажала Кавадарци, која потрошила 3,42 милиони денари.

Табела 38: Структура на трошоците на комерцијалните радиостаниците на локално ниво

	износ	учество
Материјални трошоци	5.86	12.82%
Трошоци за набавка на програма	0.83	1.81%
Нематеријални трошоци (услуги)	4.24	9.28%
Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма	25.75	56.32%
Директни трошоци за создавање на програмата	**36.68**	**80.23%**
Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма	0.32	0.70%
Амортизација на опремата	1.04	2.28%
Амортизација на права и лиценци	0.00	0.00%
Кирии и други режиски трошоци	1.50	3.28%
Сите други неопфатени трошоци од работењето	5.91	12.92%
Вкупно трошоци на работењето	**45.45**	**99.42%**
Расходи од други активности	0.10	0.21%
Вонредни расходи	0.17	0.37%
Вкупно трошоци на работењето	**45.72**	**100.00%**

Во структурата на трошоците, најголемо место зазеле директните трошоци за создавање програма, кои изнесувале 36,68 милиони денари. За плати на вработените биле издвоени 26,07 милиони денари.

Од двете непрофитни радиостаници, Универзитетското радио УКЛО ФМ и Марија – Благовест, само Марија – Благовест прикажала приходи, во износ од 3,30 милиони денари. Вкупните трошоци на двете радиостаници изнесувале 6,11 милиони денари, од кои 3,52 милиони денари биле трошоците на УКЛО ФМ, а 2,59 милиони денари на Марија – Благовест. Најголем дел од трошоците, кај двете радиостаници, биле издвоени за плати и други надоместоци за вработените.

Просечниот број на вработени во редовен работен однос во локалните радиостаници изнесувал 68 лица. Најголем број од радиостаниците имале по еден или двајца вработени, односно кај 15 радиостаници просечниот број бил по едно лице, а кај 18 радиостаници по две лица. Три радиостаници имале просечно по тројца, а две по четворица вработени.

Табела 39: Просечен број на вработени кај локалните радиостаници

Радиостаница	просечен број на вработени во редовен работен однос	Радиостаница	просечен број на вработени во редовен работен однос
РА Експрес	4	РА Кисс	2
РА Енџелс ФМ	4	РА Плус Форте	2
РА Тајм	3	РА 7	2
РА Кочани ФМ	3	РА Ред ФМ	2
РА Марија-Благовест	3	РА Валандово	1
РА 106	2	РА Мерак 5 ФМ	1
РА УКЛО ФМ	2	РА Ла Коста	1
РА Голди	2	РА Александар Македонски	1
РА Комета	2	РА Акорд	1
РА Галакси-2002	2	РА Медисон	1
РА Кавадарци	2	РА Пулс	1
РА Бум	2	РА Буба Мара Прилеп	1
РА Јехона ФМ	2	РА Еко	1
РА Сквер	2	РА Буба Мара Штип	1
РА Мефф	2	РА Модеа	1
РА Холидеј	2	РА Свети Николе	1
РА Пела	2	РА Струга	1
РА Плеј	2	РА Хит	1
РА Блета	2	РА Импулс	1

Заедничкиот финансиски резултат на локалните радиостаници бил добивка од 2,59 милиони денари. Позитивен финансиски резултат прикажале 29 радиостаници, а најголема била добивката на Кавадарци - 0,83 милиони денари. Другите локални радиостаници годината ја завршиле со загуба, а највисока била загубата на радио Сквер од Куманово, во износ од 0,74 милиони денари.

Преглед на слики:

Слика 1: Број на телевизии и радиостаници на 1.1 во периодот од 2020 до 2025 година 9
Слика 2: Движење на вкупните приходи на МРТ 10
Слика 3: Приходи од рекламирање на МРТ во периодот од 2020 до 2025 година 12
Слика 4: Движење на вкупните трошоци на МРТ во периодот од 2020 до 2025 година 12
Слика 5: Број на вработени во МРТ во периодот од 2020 до 2025 година (состојба на 31.12) 14
Слика 6: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии 15
Слика 7: Движење на поединечните вкупни приходи на терестријалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година 16
Слика 8: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии во периодот од 2020 до 2025 година 17
Слика 9: Удел во вкупната гледаност 18
Слика 10: Приходи од комерцијално рекламирање 18
Слика 11: Учество во приходите од комерцијално рекламирање на терестријалните телевизии на државно ниво во 2025 година 19
Слика 12: Приходи од ППР
Слика 13: Емитувано ППР во секунди 19
Слика 14: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година 20
Слика 15: Вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во периодот од 2020 до 2025 година 20
Слика 16: Движење на трошоците за производство на програма и набавка на содржини во периодот од 2020 до 2025 година 21
Слика 17: Движење на вкупните приходи на четирите телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година 23
Слика 18: Движење на поединечните вкупни приходи на четирите телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година 24
Слика 19: Приходи од ППР
Слика 20: Емитувано ППР во секунди 25
Слика 21: Движење на заедничките вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во периодот од 2020 до 2025 година 26
Слика 22: Движење на вкупните приходи и на вкупните трошоци на телевизиите 26
Слика 23: Радиодифузни региони во РС Македонија 29
Слика 24: Движење на вкупните приходи на 12-те регионални телевизии 30
Слика 25: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 12-те регионални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година 33
Слика 26: Финансиски резултат на регионалните телевизиите во 2025 година 35
Слика 27: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии 36
Слика 28: Вкупни приходи на локалните телевизии во 2025 година 37
Слика 29: Движење на приходите од комерцијално рекламирање на 13-те локални телевизии во периодот од 2020 до 2025 година 39
Слика 30: Поединечни приходи од комерцијално рекламирање на локалните телевизии 39
Слика 31: Движење на вкупните трошоци на 13-те локални телевизии 40
Слика 32: Финансиски резултат на локалните телевизиите во 2025 година 41
Слика 33: Вкупни приходи, приходи од дејноста и приходи од дејноста без ППР 42
Слика 34: Движење на приходите од дејноста на радиостаниците 43
Слика 35: Удел во заедничките приходи од комерцијално рекламирање 44
Слика 36: Приходи од комерцијално рекламирање во 2024 година и во 2025 година 44
Слика 37: Движење на вкупните трошоци по радиостаница во период од 2020 до 2025 година 45
Слика 38: Трошоци за плати и просечен број на вработени 46
Слика 39: Движење на вкупните приходи на радиостаниците во периодот од 2020 до 2025 година 48
Слика 40: Приходи од дејноста на регионалните радиостаници во 2025 година 49
Слика 41: Учество во приходите од комерцијално регкламирање во 2025 година 50
Слика 42: Приходи од комерцијално рекламирање на регионалните радиостаници 50

Слика 43: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници 51
Слика 44: Поединечни вкупни трошоци на регионалните радиостаници во 2025 година 52
Слика 45: Финансиски резултат на регионалните радиостаници во 2025 година 53
Слика 46: Движење на вкупните приходи на комерцијалните локални радиостаници 55
Слика 47: Движење на вкупните трошоци на комерцијалните локални радиостаници 57

Преглед на табели:

Табела 1: Клучни наоди 5
Табела 2: Број на комерцијални телевизии 8
Табела 3: Број на комерцијални и непрофитни радиостаници 9
Табела 4: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година 10
Табела 5: Структура на вкупните приходи на МРТ во 2024 и 2025 година (во милиони денари) 11
Табела 6: Структура на вкупните трошоци на МРТ во 2024 и 2025 година 13
Табела 7: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година 16
Табела 8: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР во 2025 година 17
Табела 9: Приходи од комерцијално рекламирање и стапка на раст 18
Табела 10: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво 21
Табела 11: Трошоци за плати и просечен број на вработени 22
Табела 12: Финансиски резултат на терестријалните телевизии на државно ниво 22
Табела 13: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година 24
Табела 14: Приходи од комерцијално рекламирање и стапка на раст кај приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс 25
Табела 15: Структура на трошоците на телевизиите 27
Табела 16: Трошоци за плати и просечен број на вработени 27
Табела 17: Финансиски резултат на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс 28
Табела 18: Општини, број на население, активни деловни субјекти, број на телевизии и вкупни приходи (по радиодифузни региони) 30
Табела 19: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година 31
Табела 20: Поединечни вкупни приходи на регионалните телевизии 31
Табела 21: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР на регионалните телевизии во 2025 година 32
Табела 22: Вкупни трошоци на регионалните телевизии (по региони и по телевизии) во 2025 година 33
Табела 23: Структура на трошоците на 12-те регионални телевизии 34
Табела 24: Трошоци за плати и просечен број на вработени 35
Табела 25: Стапка на раст на вкупните приходи во периодот од 2020 до 2025 година 36
Табела 26: Број на население, активни деловни субјекти и вкупни приходи (по локални подрачја) 38
Табела 27: Структура на трошоците на локалните телевизии 40
Табела 28: Трошоци за плати и просечен број на вработени 41
Табела 29: Вкупни приходи, приходи од основна дејност, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од ППР во 2025 година 43
Табела 30: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво 45
Табела 31: Финансиски резултат на радиостаниците во периодот од 2020 до 2025 година 46
Табела 32: Вкупни приходи на регионалните радиостаници во периодот од 2020 до 2025 година 49
Табела 33: Вкупни приходи, приходи од комерцијално рекламирање и приходи од платено политичко рекламирање на регионалните радиостаници во 2025 година 51
Табела 34: Структура на трошоците на радиостаниците на регионално ниво 52
Табела 35:Трошоци за плати и просечен број на вработени 53
Табела 36: Стапка на раст на вкупните приходи на комерцијалните радиостаници 55
Табела 37: Приходи основна дејност и приходи од комерцијално рекламирање на локалните радиостаници во 2025 година 56
Табела 38: Структура на трошоците на комерцијалните радиостаниците на локално ниво 57
Табела 39: Просечен број на вработени кај локалните радиостаници 58